**ПРЕДЛОГ**

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за изменување на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје
(која се однесува на правата од акциите)

Скопје, ноември 2019

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О.бр. 382/29.05.2019, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на __.___.2019 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

за изменување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје

1. Се усвојува Статутарна одлука за изменување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. -------/19.11.2019 година, пречистен текст).

2. Во Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, *член 11 се менува и гласи*:

*"*Номиналниот износ на почетниот капитал (основната главнина) на СБ изнесува 3.602.219.798, 00 денари. Почетниот капитал (основната главнина) е поделен на 17.460.180 обични акции, со номинален износ од 201,1 денари по една акција и 227.444 приоритетни кумулативни акции без право на глас со номинален износ од 400,0 денари по една акција, согласно уписот во Централен депозитар за хартии од вредност.

Една обична акција носи право на еден глас во Собранието на акционери на СБ.

Приоритетните акции не носат право на глас во Собранието на акционери на СБ."

*3. Член 16 се менува и гласи:*

*"*Акционерите на СБ ги имаат сите права, обврски и одговорности, утврдени со законите, овој Статут и релевантните Одлуки за издавање на акции донесени од Собранието на акционери.

Обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:
- Право на глас во Собранието на акционери,
- Право на исплата на дел од добивка (дивиденда), и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Приоритетните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:
- Право на гарантирана (фиксна) дивиденда како што е определено во член 18 од овој Статут,
- Право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции.

Врз основа на Одлука на Собранието на акционери на Банката, имателите на приоритетни акции можат да стекнат право на учество во распределбата на добивката на Банката, како варијабилен дел во висина што ќе ја утврди Собранието, но најмногу до износот што ќе го добијат имателите на обични акции.

Кога со одлука на Собранието на акционери, односно со измена на Статутот се менува, односно ограничува кое било право врзано за приоритетните акции, таа одлука се смета за полноважна доколку приоритетните акционери дадат согласност со донесување на одлука за согласност со 2/3 мнозинство од претставените акционери на седницата."

4. *Член 18 се менува и гласи:*

“Добивката на СБ, ја распоредува со Одлука Собранието на СБ, по предлог на Надзорниот одбор.

Акционерите на СБ имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на Собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон, релевантен подзаконски акт или овој Статут, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите. Учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класата на акциите.

Сопствениците на приоритетни кумулативни акции имаат право на дивиденда во однапред определен износ од 25 денари по акција (6,25 % од номиналната вредност на приоритетната акција).

Доколку Банката не оствари добивка во износ кој е доволен да го покрие износот на дивидендата на вкупниот број на акции, остварениот дел од добивката, Банката ќе го распредели само на акционерите кои имаат приоритетни акции (со гарантирана фиксна дивиденда), а најмногу до висина на остварениот дел од добивката. Доколку Банката не оствари добивка доволна за исплата на утврдениот гарантиран износ на дивидендата, имателите на приоритетните акции ќе имаат право на кумулативна дивиденда, односно наплата на заостаната дивиденда во наредните години.”

*5. Член 83, став 2 се менува и гласи:*

“Пречистениот текст на Стопанска банка АД – Скопје ги вклучува Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 382/29.05.2019, пречистен текст) и Статутарната одлука за изменување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. ------/19.11.2019).“

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на соодветна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија и усвојувањето од страна на Собранието на акционери.

С.О. бр.____
__.__.2019
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постоечкиот Статут на Стопанска банка АД – Скопје (СБ) донесен од страна на Собранието на акционери е во примена од Јуни 2001 година, и од тогаш е изменет неколку пати согласно законски пропишаната процедура и одобрен од страна на Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија (НБРСМ).

Сите измени на Статутот се одобрени од страна на Собаранието на акционери и се предмет на одобрување од страна на Гувернерот на НБРСМ. Статутот, како општ акт, ги регулира главните елементи на Банката, вклучително и правата на акционерите утврдени со Одлуката за издавање на акции, и истиот првенствено се заснова на Законот за трговски друштва донесен во 2004 година. Комисијата за хартии од вредност (КХВ) го разгледа Статутот во 2006 година без да издаде било какви препораки. Во февруари 2019 година, Комисијата за хартии од вредност во процесот на разгледување на сите статути на јавно котираните компании, издаде неколку препораки за изменување и дополнување на Статутот на СБ, со цел понатамошна транспарентност во однос на правата на акциите. Покрај тоа, КХВ зазема став дека СБ треба да ја измени формулата за пресметка на дивиденда на приоритетните акции и да ја замени со однапред одреден износ или како процент од номиналниот износ на акциите.

Иако во моментов како и во досегашниот период, правата на сите класи на акции, вклучително и приоритетните акции, кои се регулирани во Статутот на СБ, се целосно во согласност со релевантните закони, сепак со цел да се почитуваат и спроведат препораките на КХВ, Банката ги предлага потребните измени како што следи:

- Измени, вклучително и одредби за правата на приоритетните акции во Статутот кои се *веќе пропишани* во Одлуките за издавање и во Законот за трговски друштва, со цел да се зголеми транспарентноста на Статутот на СБ
- Одредување фиксна дивиденда за приоритетните акции во однапред одредена сума.

Поточно, Банката предлага измена на членот 11 со цел да го преслика во Статутот фактот дека приоритетните акции на СБ се регистрирани во Централниот депозитар за хартии од вредност уште од 2001 година како кумулативни приоритетни акции во согласност со Одлуката за нивното издавање донесена од Собранието на акционери на СБ. Покрај тоа, со предложените измени во член 16, Банката ги конкретизира сите права на обете класи на акции како што се утврдени со Законот за трговски друштва и релевантните Одлуки за издавање.

Измените во член 18 се однесуваат на правото на дивиденда и процесот на распределување на добивката, како што е пропишано со Законот за трговски друштва. Така, во член 18 став 2 се додава нова формална реченица со цел усогласување на одредбата со членот 329 став 2 од Законот за трговските друштва. Покрај тоа, став 4 од истиот член го опфаќа кумулативното право на приоритетните акции што веќе е утврдено во Одлуката за издавање.

Во член 18, став 3, фиксната дивиденда е утврдена како однапред одреден паричен износ, во согласност со препораките на Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на тековните услови на пазарот, Надзорниот одбор предлага Собранието на акционери да одобри дивиденда на приоритетни акции во износ од 25 денари по акција (6,25% од номиналната вредност на приоритетната акција).

Позитивната одлука прифатена од акционерите исто така значи и адресирање на препораките од надлежните институции, одговорен став од сите акционери и повисок поврат за сопствениците на приоритетните акции.

Поради споменатото, се предлага до Собранието на акционери на СБ да донесе приложената Стаутарната одлука.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**